Александра Ѓуркова (Скопје)

# Конјункцијата во уметничколитературната проза на Блаже Конески: лингвостилистички аспекти (прилог)

## 1. <u>Составна / адитивна конјункција</u>

### <u>И</u>

**Чевли** Се надевав дека ќе најдам барем и друг што треба сега да ги поправа чевлите, па јас да му се придружам како помал брат, да се јавиме заедно, **и така** покрај него, без да излегувам на прв план, да ја свршам и јас својата работа. **И** навистина, оваа моја сметка не ме изневери; јас го бев избрал правилниот пат да дојдам до чевли.

**Разминување** Тој човек веќе одамна не е млад. Косата му е побелена. **И** чудно, таа мала случка сега сè почесто му се јавува во споменот, иако од неа поминало толку време.

**Крчмите** Очите му лутеа. **И**, како што се случува често по разбудување, мислата му се вплете во нејасна слика од сништата.

### <u>НИ</u>

**Крчмите** Му бучи во главата на Пискулиева. Каде сега? **Ни** за него нема нигде мира.

**Љубов** Штом не е посилна од срамотата, таа не е ни вистинска. **Ни** безнадежноста не може да ја отклони љубовта од видлива пројава.

### <u>А</u>

**Тихиот Дон** Ако не стигнам јас, нека се распраша за тоа некој друг место мене. **А** ако некогаш случајно се најде во Лесново еднотомникот на "Тихиот Дон", ќе се знае кога и како стигнал таму.

**Крчмите** Ниска камена зграда, покриена со слама. **А** сламата поцрнета.

### <u>ИНАКУ, ИМЕНО</u>

**Крчмите** Тој е **инаку** многу добро момче.

**Чевли** **Имено**, јас не се снебивав да го навратувам меѓу другарите почесто зборот на моите чевли, било да се жалев, било пак - што порадо го чинев - да правев смешки за своја сметка.

### <u>ПРИТОА</u>

**Крчмите** Дозволете да се запознаеме. Франц – бивш народен учител. **Притоа** му ја задрма силно раката на Коча и гордо се испули наоколу.

**Љубов** Секој час неговите прсти ја прошаруваат нежно таблата, разузнавајќи ја позицијата што се менува. **Притоа** тој секогаш си свирка некаква своја мелодија.

### <u>ТАКА</u>

**Чевли** Моја кривица беше што не се јавив веднаш кај воспитачот, да барам да ми се поправат чевлите. **Така**, во колебањето дали да му речам или не, помина можеби цел месец.

**Чевли** ...се плашев од онаа наша проклета интонација што се танчи опасно при крајот, па ќе излезе некако смешно, плачно, питачки, кога ќе му речам „господине!“. **И така** јас го пропуштав господинот само со неодреден, загубен поглед.

## 2. **ЕКСПЛИКАТИВИ**

### <u>ВСУШНОСТ, ИМЕНО</u>

**Изложба** Така си замислува уметникот и како случајно оди да разгледува на онаа страна каде што се управуваат тие. **Всушност**, него го интересира да го чуе нивниот разговор и да види како ќе ја примат изложбава, поготово ако е и девојчето навистина учесник во неа.

**Чевли** **Впрочем**, ми се чини дека и Миќо сè уште останувaше со желбата да ја сретне еднаш насамо својата љубима, и тоа ми даде можност да го проценам колку тежи како противник, зашто веќе се уверував во тоа што си го помислував и порано, дека и неговата љубов е една убава перспектива.

## ПО СУШНОСТ

**Григор Прличев** **По сушност** "Сердарот" се сврзува тесно со такви дела од приближно истото време, какви што се "Горски венец" или "Смртта на Смаил - ага Ченгиќ", иако, сосем природно, носи ред свои и формални и содржински посебни обележја.

## ПАТЕМ

**Кирил Пејчиновиќ** И затоа веќе во почетокот на проповедта, **патем**, им споменува на верните: "нафиле си го арчите арчот", кога го празнувате сведеност со песни и бесување, "не го молите светецот, токо го налјутуете, и тој не ве измолует пред Бога и не ви поможует."

## ЗАПРАВО

**Заклано крувче** Тој дури сега забележа дека **заправо** за сето време го држел показалецот од левата рака токму на тоа место меѓу листовите, за да не си го загуби редот во читањето.

**Чевли** Не е чудо, како што е прилежен во учењето, тој и сега да си ги припомнува неправилните француски глаголи, **и заправо** оттука да се објаснува неговата усредсреденост.

**Потез** Тоа беше **заправо** кај него старо, испитано чувство, тој ужас, но сега се будеше по нов повод.

**Заклано крувче** Тој беше сега опфатен само од една мисла, **поправо речено** од еден лош страв: некој сака да му ја земе Јана, некој го намислил тоа.

### 3. Алтернативна конјункција

## ИЛИ

**Потез** Зар може навистина во една ваква ситуација да се таи шанса што само вешто проблемско конструирање би ја создало? **Или** го лажат очите?

### 4. Адверсативна конјункција

## НО (СЕПАК)

**Разминување** Можеби не е лошо да ги разменат адресите, можеби ќе почнат да се допишуваат. **Но** нагло се откажа од таа помисла, ѝ подаде рака, ѝ заблагодари, и секој отиде на своја страна.

**Средба во рајот** Прво прибежиште ми беше полутемната просторија на Институтот за славистика (ул. Мишле 9). **Но** таму ме чекаше мрачната прилика на стариот библиотекар, руски емигрант, господин Бутчик.

**Изложба** Уметникот се прозевна, го погледна саатот како да се колеба дали и тој да си тргне со нив. **Но сепак** остана така, малце расчекорен, на средината од салата, загледан неодредено.

**Чевли** Јас молчев и чувствував некаква кривица дека можеби заради мене, за кого се заложи, тој ги губи своите нови чевли. **Сепак** немаше зошто да бидам незадоволен. Чевлите ќе ми втасаа токму за велигденскиот распуст...

**Заклано крувче** Нешто го тераше да му го каже тоа и в очи, но пак се задржуваше. **Сепак** издемна еден ваков момент да го жегне малце, ако не може веќе друго.

**<u>ИАКО</u>**

**Изложба** Уметникот ги гледа заинтересирано. **Иако** неговиот фах не е портретот, ами мртвата природа, пред неговите проникновени очи веднаш се оцртуваат неколку леки линии на наивната судбина.

**Изложба** Тогаш и се реши да го симне и сигурен е дека постапи право. **Но иако** сосем уверен во тоа и сега, нешто го тера пак да провери, да види да не пресилил во моментот.

**<u>И ПОКРАЈ</u>**

**Лозје** **Но и покрај тоа** Марко чувствува теснота, можеби повеќе дека се најде во ова јадно лозјенце.

**<u>АМА</u>**

**Крчмите** Сакаше да се покаже и пред нив, да го поверуваат, еве како овој непознат човек. **Ама** тие, повеќето тукашни, ниту го погледнуваа.

**Крчмите** Се чинеше, како навистина судбината од цел свет да е во негова волја. Само да сака. **Ама** тој е добар, тој пак нејќе да поништува.

**<u>МЕЃУТОА</u>**

**Чевли** И ако го пресечеше крпењачата просторот меѓу двата камена што го обележуваа голот, настануваше вистинско ликување. Сега, **меѓутоа**, самиот требаше да се откажам од пеналите: не можев да примам на себе одоворност да шутирам со такви чевли.

**Изложба** Зошто не би ги вратил да ги утеши и израдува? **Меѓутоа**, како што станува често, и ова колебање се заврши со бездејство и сѐ остана како што си беше.

**<u>НАПРОТИВ, СПРОТИВНО НА</u>**

**Заклано крувче** Погледнувајќи го така стражарот, Пискулиев можеше да заклучи дека неговото лице не издава ништо грозно, ништо што би влевало во човека особено тревога, ами **напротив**, иако строго, што е во моментов сосем разбирливо, тоа изразува извесна мерка на правичност, а од тоа повеќе на Пискулиева ништо и не му треба.

**Заклано крувче** Пискулиев немаше потреба, како постар и попечен, да зема извесна дистанција спрема момчето, ниту можеше да го стори тоа. **Спротивно на** надворешниот свој изглед, во душата Пискулиев малку се беше изменил од своите матурантски денови, па тоа и овозможи да се создаде меѓу двајцата контакт на врсници. **Од друга страна** крштеничето насети веднаш дека под белите коси на кумот се крие наивна детска душа. **Заправо** погрешно би било да се рече - се крие, зашто таа толку видливо се покажуваше!

**<u>ПАК</u>**

**Чевли** Дождливите **пак**, немилосрдно, ме потсетуваа дека треба да решам едно прашање што не е симнато од дневниот ред и кога немам нужда да мислам за него, - а тоа е прашањето за моите чевли.

**Тихиот Дон** **А пак** ако некогаш случајно се најде во Лесново еднотомникот на "Тихиот Дон ", ќе се знае кога и како стигнал таму.

**<u>САМО</u>**

**Круша дивјачка** Сега е пак пролет и сега јасно гледам како смртта го парализира она што живово тело го врзуваше за земјата и нејзините сокови. Нема веке гранчиња при врвот. Не струјат веќе таму

сокови и не се врши чудото на преобразба. **Само** при дното сиротата потемнета пењушка дава уште знаци на живот.

**Пречек** Ништо не се слуша, **само** тие потврдуваат нешто со главите како што дава старата такт со бастунот.

5. **КОНТИНУАТИВИ**

**СЕ РАЗБИРА**

**Крчмите** А јас те прашам - со што им се спротивстави на овие луѓе денеска? **Се разбира**, со ништо.

**Чевли** Порано ми ја доделуваа понекогаш честа да бијам пенали, со кои нашите игри обилуваа, а бидејќи ги изведував доста вешто, можев да постигнам и јас гол и тоа ми причинуваше, **се разбира**, посебно задоволство.

**ПА**

**Изложба** **Па** да, се ближи времето кога сите добри деца легнуваат да спијат.

**Пречек** **Па** мили мои, јас можев да одам во Париз, што беше за мене да појдам сега во Париз!

**ЗНАЧИ**

**Чевли** Настапи, **значи**, време кога требаше да страдам заради својот сосем невин обичај.

**Крчмите** На Коча му е јасно: двата пата, **значи**, се ставуваа, тие биле заправо еден пат.

**МЕЃУ ДРУГОТО**

**Љубов** Таа намера го тераше да смислува најразлични начини како да ја оствари, но на сите патишта пак му се јавуваше потребата од посредник. **Меѓу другото** му се јави мислата дали не би можело, барем засега, фотографијата да се замени со некаков цртеж.

**Конјункциските средства според семантичките полиња**

**Адитивна конјункција**

Поврзување- внатрешна и надворешна релација: и, а, ни

Експликација- внатрешна релација: имено, инаку, притоа

Егземплификација- внатрешна релација: на пример

Ефект/ последица- внатрешна релација: и така, така

Компарација, дисимилација- внатрешна релација: од друга страна

Последователна мисла- внатрешна релација: патем

Афирмација/ изјава- внатрешна релација- всушност, впрочем, заправо, по сушност, поправо речено

**Алтернативна конјункција**- надворешна и внатрешна релација: или

**Адверсативна конјункција**

Адверсативност- надворешна и внатрешна релација: но (сепак), сепак, меѓутоа, (а) пак, само, иако, и покрај

Корекција (на значењето/ во однос на претходно изнесени аргументи)- внатрешна релација: напротив, спротивно на

**Континуативи**

Потврдување, надополнување во контекстот- надворешна и внатрешна релација: значи, се разбира, па, меѓу другото